**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

**SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE**
**FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE**
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

**До:** **Студенти на 1. и 2. циклус студии на Градежен факултет-Скопје**

**Предмет:** **Известување за спроведување студентска анкета за летен семестар 2022/2023**

**Датум:** **26.6.2023**

Почитувани колешки и колеги,

За потребите на процесот на самоевалуација на студиските и предметните програми, но и на процесите за настава и учење на Градежниот факултет-Скопје, по завршување на секој семестар се спроведува студентска анкета за самоевалуација.

Студентската анкета има за цел да даде реална претстава за нивото и квалитетот на реализирање на предавањата и вежбите, расположлива литература, достапноста, односот, одговорноста, капацитетот и квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар. Освен оценување на наставниот кадар и асистентите, постои можност за внесување коментари во насока на подобрување на целокупниот процес на наставата.

Студентската анкета се спроведува анонимно, преку електронско пополнување на формуларот достапен на адресата: http://anketa.gf.ukim.edu.mk. Куса постапка за пополнување на анкетата е дадено на следната страница.

Анкетата е задолжителна за секој студент на 1. и 2. циклус на студии, а ќе се спроведе во периодот од 26 јуни – 9 јули 2023 година.

При запишување на зимскиот семестар 2023/2024, на шалтерите на студентска служба ќе се валидира пополнувањето на анкетата преку список. Оние студентите кои ја спровеле анкетата ќе може да запишат следен семестар.

Ве молам за исполнување на ова Ваше задолжение и сите заедно да придонесеме кон подобрување на наставно – образовниот процес на нашиот факултет.

Комисија за самоевалуација на
Градежен факултет-Скопје,

Претседател,

Проф. д-р Сергеј Чурилов

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

**SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE**
**FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE**
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

## Куса постапка за пополнување на анкетата

1. Пристапи на страницата http://anketa.gf.ukim.edu.mk;
2. Одбери го циклусот студии и студиската програма за кој се пополнува анкетата;
3. Одбери го семестарот за кој се пополнува анкетата;
4. Одбери ги предметите за кои се пополнува анкетата;
   – Видео упатство за пополнување на анкетата е дадено во горниот дел од страницата.
5. Спроведи ја анкетата за избраните предмети и кликни на „Крај на АНКЕТАТА“;
6. На следната страница кликни на „Print barcode“ и зачувај го документот во pdf формат со следниот назив на документот: `циклус_индекс_студиска_програма_X_сем.pdf`
   каде што:

| | **1. циклус** | **2. циклус** |
|---|---|---|
| циклус = | 1ц | 2ц |
| индекс = | Вашиот број на индекс | Вашиот број на индекс |
| студиска_програма = | ГР или ГД или ГТ | ГР-К или ГР-Х или ГР-ТИ или ГД или ГТ |
| X = | 1 или 2 или 3 или 4 или 5 или 6 | 1 или 2 или 3 или 4 |

   Примери:

   1ц_7856_ГР_4_сем.pdf

   2ц_10125_ГР-ТИ_4_сем.pdf

7. Прати го документот со бар кодот на e-mail адресата: anketa@gf.ukim.edu.mk со следната содржина:
   `Subject: циклус_индекс_студиска_програма_X_сем`

   Примери:

   Subject: 1ц_7856_ГР_4_сем

   Subject: 2ц_10125_ГР-ТИ_4_сем

8. Доколку студентот преслушува предмет од претходен семестар, доставува документ со бар код и за тој семестар.

Анкетата е задолжителна за секој студент на 1. и 2. циклус на студии.

**За зачувување на анонимноста на процесот, обработката на пристигнатите документи ќе ја спроведе претседателот на студентскиот парламент. Тој има пристап до горенаведената e-mail адреса и ќе го формира и прати списокот до студентската служба кој ќе ги содржи само броевите на индекси на студентите што ја спровеле анкетата. Документите со бар кодовите ќе бидат преименувани и пратени до комисијата за самоевалуација.**